# ЗА ИЛИНДЕН ГАРАНТИРАМЕ

7

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани,

Кога влегуваме во еден процес на политичко претставување и барање на доверба од граѓаните, неминовно е акцентот да се стави на понудата кон нив. Сметам дека основата на се е идејата и визијата но и концептот на работа во наредниот период. Политичкиот ривалитет помеѓу партиите и политичките опоненти треба да претставуват борба на идеи и погледи, кои во добар дел треба да бидат преточени во соодветна политичка програма, која треба да биде појдовната точка за учество на едни избори.

Економски силна општина за подобар животен стандард на сите граѓаните има потреба од директна работа за економско зајакнување на локалните области, за да се подобри квалитетот на живеење на граѓаните. Успехот на општествата денес зависи од способноста на локалните средини да се приспособуваат на брзите промени во светот и од способноста да ја зајакнат сопствената конкурентност.

Главниот импулс за економски раст мора да произлезе од приватниот сектор, затоа што само тој може да создаде економска благосостојба и нови работни места на подолг рок. Приватните субјекти зависат од поволностите за водење бизнис, односно од условите што власта ќе ги обезбеди за нив. Затоа, локалната власт на Општина Илинден, во наредниот период ќе биде силно фокусирана на локален економски развој и на градење партнерство со

бизнисот за остварување на интересите на граѓаните.

Исто така ,основни приоритети на ВМРО-ДПМНЕ во областа на образованието се осовременување и унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес на сите степени (предшколска,основно и средно  образование), создавање млад кадар што ќе биде конкурентен на пазарот на трудот и развивање здрава психо-физичка личност.

Со инвестициите во образованието, значително ќе се подобрат условите за учење и за работење во сите  училишта. ВМРО-ДПМНЕ се залага за образование достапно за сите и под еднакви услови. Бидејќи сме убедени дека инвестициите во образованието ќе донесат најдобри резултати на долг рок, кои ќе придонесат Македонија да се развива во просперитетна држава.

Спортот и физичката култура како цивилизациски придобивки претставуваат моќно средство за човечкиот развој. Физичкото образование и практикувањето спорт во развојниот период на човекот, се природна потреба за негов нормален психо-физички развој и спречување на појавата на телесни деформации. Општина Илинден во следниот период ќе се залага за изградба на спортски центри, а воедно и давање силна подршка и стимулација на сите спортски клубови и спортски организации. Ќе се залагаме за развој на улишниот спорт, масовно рекреативниот спорт, индивидуални спортови, спортско-рекреативни активности, кај лицата со посебни потреби, како и урбани и екстремни спортови.

Нови компјутери, дигитализација, поедноставен и брз пристап до информации, брза и квалитетна услуга за граѓаните, значи прогрес и задоволство во функционирање на институциите и на бизнис-секторот. Високиот степен на информатичка едуцираност на жителите и овозможува на општината перспектива за понатамошен забрзан развој на ова поле.

Ќе се залагаме за еколошка чиста општина, со изградба на зелени паркови и подигнување на свеста кај сите граѓани, посебно со младите, со што ќе се поттикне свеста за волонтирање во однос на зачувување на животната средина, штедење енергија, рециклирање и климатски промени (глобално затоплување). Во сите основни училишта ќе се организираат кампањи и акции за чистење паркови, зелени површини, собирање предмети и отпад за рециклирање, како и семинари во врска со климатските промени и заштедата на енергија.

Културата е неделлив сегмент од изградбата на европскиот модел на соработка на земјите и сила што спојува, бидејќи со насочување на културата против дискриминацијата и со заштитата на на-

ционалните културни вредности, се допира до глобалните вредности на Европа. Културата сама не може да ги реши проблемите, но може да биде одличен начин на комуникација, особено во разбирањето, толеранцијата и почитувањето на различните верски и етнички разлики на граѓаните. Општината ќе настојува да биде препознатлива и пошироко, како позната културна дестинација, во која ќе може да се види и доживее духот на македонското вековно културно и идентитетско опстојување.

Значајна енергија ќе биде внесена и во процесот на меѓународната промоција и претставувањето на општината на глобални и на регионални меѓународни настани, саеми и семинари што ќе резултира со креирање услови за подобрување на стандардот и угледот на Општина Илинден.

Во делот на социјалната заштита, се заложуваме за поголема грижа во овој дел во насока на развивање вонинституционални форми за социјална заштита и реализирање социјални програми. Во соработка со Владата на Република Македонија, приватниот сектор и невладините организации, ќе продолжиме да се грижиме за вклучување на најранливите и маргинализираните групи во општествените текови и зголемување на квалитетот на нивниот живот преку обезбедување услови за нивна социјална и економска интеграција. Преку зголемување на можностите за нивно вработување и со јакнење на нивните способности за вработување, ќе помогнеме овие наши сограѓани да излезат од кругот на сиромаштијата и да постигнат благосостојба.

Ваш,

Александар Георгиевски

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

**ВМРО ДПМНЕ** е партија за сите луѓе.

Во својата четиригодишна програма за локалните избори 2021 ќе се заложиме за:

Воспоставување на механизми и алатки за унапредена инклузивност и вклученост на граѓаните во работата на општината, непречено консултирање преку веќе воспоставените механизми (референдум, граѓанска иницијатива, собир на граѓани, јавни форуми и дебати) и преку користење на е-алатки, како и поголемо информирање на граѓаните преку активна транспарентност и објавување на сите информации на веб страницата и социјалните медиуми;

Јакнење на капацитетот на администрацијата, јавните претпријатија и институциите за соработка со граѓанскиот сектор и граѓаните, воспоставување механизам за соработка и финансиска поддршка за проекти на здруженијата на граѓани и обезбедување на социјална/меѓуетничка кохезија особено меѓу младите преку спроведување заеднички активности; континуирана соработка со бизнис секторот во поглед на редовни состаноци, реализација на нивни идеи и бизнис планови;

Воспоставување редовна практика на мерење на задоволството на граѓаните од општинските услуги преку анкети;

Длабинска анализа на капацитетите на вработените во општината, институциите и јавните претпријатија за управување со јавни финансии и планирање на ликвидноста на буџетите;

Целосна интегрална внатрешна контрола и ревизија на јавните средства;

Понатамошно унапредување на фискалната транспарентност и инклузивност на процесот на буџетирање и креирање на општинските годишни програми и стратегии.;

Во својата Програма која ја поделивме на неколку поглавја, **ВМРО-ДПМНЕ** за Општина Илинден ќе вложи огромен труд, средства и човечки и интелектуален капацитет за развој на сите овие компоненти.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, централен буџет, донации/странска помош;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

## ПРОЕКТ: МОДЕРНИЗИРАЊЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА ВОДОВОДНИОТ СИСТЕМ

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, централен буџет, донации/странска помош;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, централен буџет, донации/странска помош;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА КРУЖНИ ТЕКОВИ.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, централен буџет, донации/странска помош;

**Рок на реализација:** 2022 – 2023 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКИ, ВЕЛОСИПЕДСКИ И ТРИМ ПАТЕКИ.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, централен буџет, донации/странска помош;

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА И НИВНО МОДЕРНИЗИРАЊЕ.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, централен буџет, донации/странска помош;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

## ПРОЕКТ: ВОВЕДУВАЊЕ НА ЦЕЛОДНЕВЕН ПРЕСТОЈ И НАСТАВА ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, централен буџет, донации/странска помош;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ЗДРАВСТВЕН ДОМ ВО Н.ИЛИНДЕН.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, централен буџет, донации/странска помош;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА МАЛ СТАДИОН СО ТРИБИНА ВО Н.ИЛИНДЕН.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, централен буџет, донации/странска помош;

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПРОЕКТ: ГАСИФИКАЦИЈА НА ЛОКАЛНИТЕ ЕКОНОМСКИ ЗОНИ.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, централен буџет, донации/странска помош;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

## ПРОЕКТ: УЧИЛИШЕН ЛЕТЕН КАМП.

**Опис:** Организација на летен камп за најуспешните 50 ученици (спортисти, првенеци на генерација, носители на награди од разни училишни натпревари) во некој од македонските туристички центри.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ПРОЕКТ: СУБВЕНЦИЈА ЗА НАБАВКА НА 1.000 НОВИ ВЕЛОСИПЕДИ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПРОЕКТ: ПОМОШ ЗА МЛАДИ БРАЧНИ ПАРОВИ (СУБВЕНЦИИ ЗА НОВОРОДЕНЧЕ)

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, централен буџет, донации/странска помош;

**Рок на реализација:** Континуирано.



### ПРОЕКТ: ОТВАРАЊЕ НА ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2023 година.

### ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ПЛОШТАД

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

### ПРОЕКТ: ПРОТИВПОЖАРНА СТАНИЦА

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, централен буџет, донации/странска помош;

**Рок на реализација:** 2022 година.

# 3. ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ НА СИТЕ ЛУЃЕ

## ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

### ПРОЕКТ: ФИНАНСИСКА ПОДРШКА ЗА СИТЕ МЛАДИ ДО 30 ГОДИНИ ВО ЗАНАЕЧИСТВОТО И МАЛИТЕ ЛОКАЛНИ БИЗНИСИ.

**Опис:** Проектот има за цел финансиска помош и опфаќа ослободување на правното лице од локални даноци и такси за првите 3 (три) години. Таргет група: дуќани, занаетчии, микро претпријатија и сл.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2025 година.

- ## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ПАТНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ЛОКАЛНИТЕ ЕКОНОМСКИ ЗОНИ (СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС ИЛИНДЕН – ФАРМА, ЕКОНОМСКА ЗОНА КАРАГАЧ, ЕКОНОМСКА ЗОНА ОГРАЃА, ЕКОНОМСКА ЗОНА МАРИНО).

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

- ## ПРОЕКТ: УРБАНИЗАЦИЈА И СОЗДАВАЊЕ НА НОВА ЛОКАЛНА ЕКОНОМСКА ЗОНА ВО Н.М КАДИНО, М.В ЈУРИЈА, ПОРАДИ ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО НАМЕНА –ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА, СЕРВИСИ, СТОВАРИШТА, КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ ОБЈЕКТИ.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2023 година.

- ## ПРОЕКТ: ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТСКАТА МРЕЖА ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН, ЗАРАДИ ДОБИВАЊЕ КВАЛИТЕТЕН И СТАБИЛЕН НАПОН ЗА ДОМАЌИНСТВАТА И СТОПАНСТВОТО.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

- ## ПРОЕКТ: ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА НАСЕЛЕНИ МЕСТА: МИЛАДИНОВЦИ, МРАЛИНО, БУНАРЏИК, АЈВАТОВЦИ, БУЈКОВЦИ, МРШЕВЦИ, БУЧИНЦИ, ТЕКИЈА И ДЕЉАДРОВЦИ И РАЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПЛАНОВИ ЗА Н.М ИЛИНДЕН, МАРИНО И КАДИНО

**Опис:** Проектот има за цел, со донесување на урбанистичките планови да се создадаат услови за градба во сите населени места. Ќе се изврши вклопување на бесправно изградените објекти, за кои е донесено решение за утврдување на правен статус во урбанистичко-планската документација и ќе се создадат услови за откуп на градежното земјиште во државна сопственост, на кое се изградени објектите за кои е донесено решение за утврдување на правен статус.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината;

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПРОЕКТ: МОДЕРНИЗИРАЊЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА ВОДОВОДНИОТ СИСТЕМ

**Опис:** Реконструкција, рехабилитација и модернизирање на системот за водоснабдување со цел обезбедување на стабилен и оптимален проток на чиста, квалитетна и здрава вода за пиење.

- Реконструкција на дотраени водоводни линии со нови полиетиленски цевки, со акцент на веќе утврдени критични точки во постоечкиот систем;
- Замена на постоечките водомери со нови водомери со далечинско отчитување;
- Изградба на нов резервоар за водоводниот систем Окта;
- Замена на дотраени и не функционални делови од водоводната инсталација (шибер вентили) и на тој начин овозможување на изолирање на поедини делници а не комплетно исклучување на водоснабдување за цели населени места;
- Изградба и поставување на хидранти во сите населени места;
- Изградба на кружен систем за водоснабдување;
- Изградба на лабораторија за контрола на квалитетот на вода на системот за водоснабдување;
- Заштеда на загубите за пивка вода (инсталирање на СКАДА систем);
- Набавка на цистерна за вода.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2025 година.

## ПРОЕКТ: СОЗДАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНА И ЕФИКАСНА ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ И СТОПАНСТВОТО

**Опис:**

- Проектот опфаќа создавање на професионална, мотивирана и сервисно ориентирана општинска администрација, преку искористување на капацитетите на постоечката администрација, нејзина професионализација, вработување на нови високо стручни профилирани кадри, во кој системот на кариера ќе се заснова единствено на мери-системот, преку мерење на ефектот на секој административен службеник и напредок во кариерата соодветно на тој ефект.

- Завршување во прв степен на сите управни постапки за легализација на бесправно изградени објекти за кои се поднесени барања, заклучно до 31.12.2022 година;
- Донесување на решенија по поднесени барања во управни постапки во надлежност на општината (издавање на одобрение за градба, откуп на земјиште, данок на имот, наследство и подарок, промет на недвижност, одобрување на УП и сл.) во рок од 5 (пет) работни дена од прием на комплетно барање;
- Издавање на потврди, уверенија и други реални акти од надлежност на општината, за кои води службена евиденција во рок од 3 (три) работни дена од комплетирање на барањето;
- Создавање на ефикасна инспекциска служба во функција на граѓаните и стопанството, преку вработување на општински инспектори во сите области од надлежност на општината;
- Создавање на вистински едношалтерски систем каде што на едно место граѓаните и стопанските субјекти ќе можат да се информираат и да ги остварат своите права од сите области од надлежност на општината: урбанизам, даноци, инспекција, водоснабдување и канализација, собирање на комунален отпад и одржување на јавна чистота, јавно осветлување, комунална и патна инфраструктура, образование, детска и социјална заштита, локални проекти и невладини организации, здравство, спорт и сл.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

# 4. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА – SMART CITY

Информациско–комуникациските технологии денес се есенцијална алатка во секојдневниот живот на граѓаните. Затоа, од особена важност е пристапот до ИКТ да биде овозможен и поддржан за сите граѓани, без разлика на нивното место на живеење, познавања за ИКТ, возраст, образование, финансиски средства, дали се работи за лица со инвалидност, лица од социјално маргинализирани групи итн.Следењето на светските трендови се јавува како императив. За реализација и остварување на конкретен информатички развој неопходни се континуирани инвестиции во набавка и осовременување на информатичката структура.

## ПРОЕКТ: БЕСПЛАТЕН БЕЖИЧЕН ИНТЕРНЕТ

**Опис:** Овозможување на бежичен бесплатен интернет базиран на Wi-Fi технологија во околината на сите месни објекти,Дом на култура и спортски терени на територија на Општина Илинден.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПРОЕКТ: НАБАВКА НА IT ОПРЕМА

**Опис:** Набавка на IT опрема (лаптопи,компјутери,таблети,Wi-Fi приемници,SIM картички за интернет) за ученици од ранливи и социјални категории на семејства на територија на Општина Илинден.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПРОЕКТ: „СМАРТ ЗЕМЈОДЕЛИЕ“

**Опис:** Имплементација на систем за смарт-земјоделие, со инсталација на метео станици во сите населени места со цел информирање на населението за состојбата на амбиент и предикција на временските услови со линковски пристап на Веб страната на општината.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 5. МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТРУКТУРА

## ПРОЕКТ: ПОДОБРУВАЊЕ НА ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА (ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, САНАЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА)

**Опис:** Проектот има за цел изградба, односно асфалтирање на нови улици и патишта во сите населени места, како и одржување и реконструкција на постојната патна инфраструктура, која се протега на територија на Општина Илинден.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ПРОЕКТ: „ПЛОШТАД“

**Опис:** Плоштадот е проектиран како плато поплочено со гранитни плочки, пристапни патеки, зеленило со цветни алеи со високо и ниско зеленило, а ќе содржи и забавни детски катчиња. Плоштадот ќе има мини-бина, која ќе се користи за културни и за други манифестации. Плоштадот ќе се гради во централниот дел од општината.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА КЛУЧКА КАЈ БУНАРЏИК И МИЛАДИНОВЦИ НА ДРЖАВНИОТ ПАТ А2,НА ДЕЛНИЦА ИЛИНДЕН-МИЛАДИНОВЦИ

**Опис:** Со овој проект ќе се овозможи побрз пристап на граѓаните од населеното место Бунарџик и Јака ,како и за правните субјекти од економските зони Марино- Кадино до автопатот А2 и до населените места во Општина Илинден. Општина Илинден заедно во соработка со Агенцијата за државни патишта ќе пристапи кон нејзина изградба доколку се обезбеди финансиска и правна поддршка и од владата на РМ.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори

**Рок на реализација:** 2022 – 2023 година.

## ПРОЕКТ: САНАЦИЈА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛЕН ПАТ МИЛАДИНОВЦИ -БУЈКОВЦИ

**Опис:** Проектот има за цел санација и реконструкција на локален пат во н.м. Миладиновци -Бујковци се со цел да се подобри мобилноста на жителите во овие населени места.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА КРУЖНИ ТЕКОВИ И МОСТОВИ

**Опис:** Изградба на кружни текови како ново собраќајно решение за зголемување на безбедноста на учесниците на најфреквентните улици низ територијата на Општина Илинден,како и изградба и санација на постоечки мостови.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКО-ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН

**Опис:** Изградба на нови пешачки и велосипедски патеки за поголема мобилност и безбедност на граѓаните

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКИ МОСТ НА НАДВОЗНИКОТ ВО Н.М ИЛИНДЕН

**Опис:** Со овој проект ќе се обезбеди подобра и побезбедна комуникација и значително ќе се олесни движењето во овој дел од населбата.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКИ МОСТ И ПОВРЗУВАЊЕ НА НАСЕЛБАТА ЈАКА СО УЛ.500 СО МАРИНО

**Опис:** Со овој проект ќе се обезбеди подобра и побезбедна комуникација и значително ќе се олесни движењето во овој дел од населбата.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

## ПРОЕКТ: ПОДОБРУВАЊЕ НА СОБРАЌАЈНАТА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНИТЕ УЛИЦИ ВО ОПШТИНА ИЛИНДЕН

**Опис:** Општина Илинден ќе продолжи со обнова на постојната и поставување на посовремена сообраќајна сигнализација за поголема безбедност на учесниците во собраќајот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПРОЕКТ: ПОДОБРУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ АВТОБУСКИ ПРЕВОЗ, СО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА ЛИНИИ И АВТОБУСКИ ПОСТОЈКИ.

**Опис:** Проектот има за цел да обезбеди поквалитетен и поефикасен јавен градски превоз за граѓаните на Општина Илинден.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ПРОЕКТ: „ИЛИНДЕН - СВЕТЛА ОПШТИНА“

**Опис:** Овој проект опфаќа проширување и модернизација на уличното осветлување, со поставување на нови линии на улиците во сите населени места, поставување на електрични столбови, зголемување на бројот на електрични светилки и тековно одржување на јавното осветлување. Целта на проектот „Светла општина“е на сите улици на територијата на Општина Илинден да се постави и модернизира уличното осветлување.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 година.





# 6. МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

Проектите имаат за цел да ги подобрат просторните услови во училиштата, со што би се придонело за обезбедување на квалитетна настава и креирање на можности за унапредување на воспитно-образовниот процес, создавање на млади кадри кои ќе бидат конкурентни на пазарот на трудот и развој на здрава психо-физичка личност, кои се основните приоритети на локалната самоуправа во областа на образованието.

## ➤ ПРОЕКТ: НАБАВКА НА НАСТАВНО ОБРАЗОВНИ ПОМАГАЛА – „СМАРТ ТАБЛИ” ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ИЛИНДЕН, ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ ВО МИЛАДИНОВЦИ, ООУ „РИСТО КРЛЕ“ ВО КАДИНО.

**Опис:** Со оваа набавка ке се зголеми квалитетот на образовниот процес на учениците и наставниот кадар

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ➤ ПРОЕКТ: ВОВЕДУВАЊЕ НА ЦЕЛОДНЕВНА НАСТАВА ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ИЛИНДЕН.

**Опис:** Со воведување на целодневна настава за учениците од прво до петто одделение од целата општина,тие би биле згрижени во училиштето до попладневните часови,а времето ќе им биде исполнето со воспитно- едукативни активности и ќе се реши голем проблем за родителите, кои немаат кој да се грижи за нивните деца додека тие се на работа.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2023 година.

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА: ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВСКИ“, ООУ „РИСТО КРЛЕ“

**Опис:** Промена на постоечката фасада со енергетска ефикасна фасада, изградба на заштитна ограда, замена на влезни врати во училишните простории како и реконструкција на спортските рекреативни терени и спортски реквизити и опрема.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КРОВНА КОНСТРУКЦИЈА НА ООУ„ РИСТО КРЛЕ“ ВО КАДИНО.

**Опис:** Кровната конструкција во училиштето е од азбест и истиот е штетен по здравјето на учениците.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ПАРКИНГ ЗА ВОЗИЛА НА ВРАБОТЕНИ, РОДИТЕЛИ И ГОСТИ ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“.

**Опис:** Со изградба на два паркинга за возила во кругот на самото училиште, нема да се уништува зеленилото, а ќе се подобри безбедноста на учениците и останатите учесници во сообраќајот. Овие паркинзи би биле лоцирани во предниот и задниот дел од училишниот двор.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2023 година.

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКАТЕ САЛА ВО ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ ВО МИЛАДИНОВЦИ

**Опис:** Реконструкција на салата во кругот на училиштето пред се за поквалитетна настава на учениците по предметот физичко и здравствено образование, како и пуштање во промет за рекреативен спорт во попладневните часови.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА УЧИЛИШНА КУЈНА ВО СКЛОП НА ЕДНО ОД ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА, КОЈА ЌЕ ГИ ОПФАЌА СИТЕ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА.

**Опис:** Училишната кујна би ги опслужувала сите основни училишта на територијата на Општина Илинден со ужинка за деца и доручек и ручек за учениците од целодневна настава.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2025 година.

## ПРОЕКТ: УЧИЛИШТЕН ЛЕТЕН КАМП

**Опис:** Организација на летен камп за најуспешните 50 ученици (спортисти, првенеци на генерација, носители на награди од разни училишни натпревари) во некој од македонските туристички центри.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, донации;

**Рок на реализација:** Континуирано.



# 7. ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

Со цел поголема афирмација на општината преку промоција на нашите позитивни вредности  во меѓународни рамки, но исто така и пристапот на размена на искуства преку продолжување и проширување на соработката со општини од соседните европски земји, можеме да ја приближиме Општина Илинден до европскиот животен стандард, а со тоа и да го подобриме и Локалниот економски развој.

## ВОСПОСТВУВАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ПРАКТИКИ И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ВРЕДНОСТИ

Јакнење на капацитетите на граѓанските организации со цел аплицирање на ЕУ проекти и интензивирање на соработката со ЕУ преку воспоставување на ЕУ локални информативни центри).

**Извор на финансирање:** Буџет на општината / Меѓународни финансиски институции;

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА СОРАБОТКАТА СО ОПШТИНИ ОД ЕУ

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции;

**Рок на реализација:** 2022 година.





# 8. ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Заштитата и унапредувањето на животната средина и природата е едно од основните права, но и обврски на граѓаните на Република Македонија. Заштитата на животната средина претставува еден од врвните приоритети со кои сакаме да постигнеме не само заштита на природата, туку пред се одржливо користење на природните ресурси на Македонија и одржлив економски развој.

## ПРОЕКТ: „ЗЕЛЕНА ОПШТИНА ИЛИНДЕН“

**Опис:** Подигнување на еколошката свест како и подобрување на амбиенталниот воздух на граѓаните во Општина Илинден, преку:

- Засадување над 7,000 садници од автохтони, неалергени видови годишно. Садница за секое семејство кое еднаш годишно ќе има можност да учествува и да ја засади на локација по сопствен избор или во договор со општината на јавен простор;
- Урбанистички планови со 30% зеленило на ниво на маала;
- Задолжителна обврска за стратегиска оцена на животната средина и кумулативно влијание врз животната средина од планска документација и градежна активност;
- Стимулација и подршка на граѓаните во сите населени места за зазеленување и одржување на зелениот појас помеѓу улиците и имотите;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ПРОЕКТ: ЕКО ОПШТИНА –ИЗГРАДБА НА ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

**Опис:** Управувањето со отпад претставува прашање кое дирекно влијае на тоа дали нашата средина е чиста, што се согорува, какви емисии има во воздухот како резултат на согорувањето и какви се ефектите на отпадот во водите и почвата. Се предвидува изградба на современ центар за рециклирање и намалување на количините на отпад кои се депонираат. Воспоставување на систем за примарна селекција на отпад на ниво на територија на Општина Илинден.

- Поставување на собирачи на отпад на јавни површини во сите населени места, ставање во систем на примарна селекција на отпад;
- Решавање на прашањето со био отпадот, палењето на стрништа и компостирањето на отпад;
- Површински систем за собирање на цврст отпад од каналите и речните корита, рециклажа на интерен отпад (градежен шут) и слично.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

## ПРОЕКТ:„ МОЈОТ ДОМ НЕ ЗАГАДУВА“

**Опис:** Домаќинствата кои се загреваат на цврсти горива се идентификувани како еден од поголемите емитери на цврсти честички. Проектот ќе опфати подршка за индивидуални стамбени објекти кои ќе го заменат дрвото и јагленот со топлотна пумпа/инвертер клима или печки на пелети како и субвенции за вградување на соларни и фотоволтаични панели.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА УРБАНИ ПАРКОВИ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН.

**Опис:** Проектот опфаќа изградба и оплеменување на простори со зелена површина за рекреација и одмор на луѓето опремени со разновидна урбана опрема. Во населените места во Општина Илинден.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината;

**Рок на реализација:** 2022 – 2025 година.

## ПРОЕКТ: ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ГАСИФИКАЦИСКИ СИСТЕМ, ВОВЕДУВАЊЕ НА ГАСИФИКАЦИЈА ВО СТОПАНСКИ ОБЈЕКТИ

**Опис:** Проектот има за цел воведување на инсталации за стопански објекти во локалните економски зони во општината со цел да се овозможи користење на гасот како енергетски ресурс.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2025 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

**Опис:** Со изградба на фекална и атмосферска канализација на територија на Општина Илинден, ќе се реши еден од најголемите проблеми на граѓаните,а воедно ќе се подобри квалитетот на животот и ќе се заштити животната средина.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, централен буџет, донации/странска помош;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА И ПОДОБРУВАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА ЗАФАЌАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКИ ВОДИ

**Опис:** Проектот обезбедува уредување и подобрување на системот за прифаќање, одведување на атмосферските води и високото ниво на подземните води, како и спречување на поплавите на куќите и имотите на граѓаните во сите населени места на територија на Општина Илинден.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

## ПРОЕКТ: РЕДОВНО ЧИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА КАНАЛСКАТА МРЕЖА И РЕЧНИТЕ КОРИТА

**Опис:** Проектот обезбедува редовно чистење и одржување на каналите и речните корита, се со цел заштита на имотите на граѓаните од поплави на куќите и имотите во сите населени места на територија на Општина Илинден.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ПРОЕКТ: СУБВЕНЦИЈА ЗА НАБАВКА НА 1.000 НОВИ ВЕЛОСИПЕДИ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

**Опис:** Во следните 4 години граѓаните на Општина Илинден ќе добијат субвенција за набавка на нови 1.000 велосипеди. Субвенцијата ќе биде до 50% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од 4.000 денари за еден велосипед. По принципот прв дојден, прв услужен.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, донации;

**Рок на реализација:** 2022 – 2025 година.

## ПРОЕКТ: КВАЛИТЕТНО ЗЕМЈОДЕЛСТВО – ПОДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

**Опис:** Бесплатни анализи за испитување на составот на почвата и подготвување елаборат со препораки за начинот на ѓубрење на почвата и препораки за кои земјоделски култури се препорачува за таа почва, во соработка со Факултетот за земјоделски науки. Како и :

- Организирање обука за земјоделците и користење на средствата од програмата на ИПАРД;
- Едукација и поттикнување на регистрираните индивидуални земјоделци за органско производство на земјоделските култури;
- Отворање канцеларија на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во Општина Илинден за едукација и решавање на проблемите на земјоделците и сточарите (во соработка со МЗШВ);
- Трибини за добри земјоделски практики;
- Навремено информирање за аплицирање на огласите за добивање земјиште во државна сопственост;
- Пробивање на земјоделски патишта.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** Континуирано.



# 9. МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

Имајќи ја во предвид големата  улога што ја има  туризмот во локалниот економски развој, општините својот економски развој се повеќе го препознаваат во збогатувањето на туристичката понуда и подигнување на стандардите за квалитет во овој сектор.

## ПРОЕКТ: МОДЕРЕН ТУРИСТИЧКИ КОМПЛЕКС “АЈВАТОВСКИ РИД”

**Опис:** Изградба на потребна инфраструктура за потребите на следниве спортски дисциплини:

- Параглајдерство;
- Змајарство;
- Планинарење;
- Мото-крос патека;
- Планински велосипедизам;
- Трим патека;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

## ПРОЕКТ: ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЛИТЕТ БУЧИНСКО ЕЗЕРО

**Опис:** Идејата е просторот околу акумулацијата „Бучинско Езеро“ да се уреди со пешачка патека, мост и летниковци. Проектот ќе овозможи зголемување на понудата на рекреативно- туристички места во општината. (Проектот ќе се реализира во зависисност од статусот на имотно-правните односи на земјиштето околу езерото).

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

## ПРОЕКТ: ТРАНЗИТЕН ТУРИЗАМ

**Опис:** Преку деталното просторно планирање ќе предвидиме локации и ќе поттикнеме манастирски туризам, а со тоа ќе стиму-



лираме домашни и странски инвеститори да влезат во процес на изградба на туристички објекти - автокампови и забавни паркови, хотели, мотели, бензиски пумпи. Истовремено, преку соодветна и меѓународно стандардизирана туристичка сигнализација, по целата должина на заобиколницата и автопатот на територијата на Општина Илинден, ќе овозможиме видливост на тие објекти за транзитните домашни и странски туристи.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

# 10. СПОРТ И КУЛТУРА

Досегашната пракса на инвестирање и создавањето на услови за спортување на сите генерации, постојано се докажува како највредна инвестиција корисна за сите генерации. Преку изградбата и реконструкцијата, опремувањето на спортските сали, фудбалските и тениските игралишта, организирањето и субвенционирањето на голем број на спортски настани, поддршката на спортските таленти, директно допринесуваме за правилен психо-физички развој на децата, професионалците и гостите кои ги посетуваат овие содржини.

## ПРОЕКТ: ПОДРШКА И ПОМАГАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ,СПОРТСКИ ОРГАНИЗАЦИИ,КАКО И РАЗВОЈ НА УЛИШНИОТ СПОРТ, МАСОВНО РЕКРЕАТИВНИОТ СПОРТ, ИНДИВИДУАЛНИ СПОРТОВИ, СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВНИ АКТИВНОСТИ КАЈ ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ, КАКО И УРБАНИТЕ И ЕКСТРЕМНИТЕ СПОРТОВИ

**Опис:** Општина Илинден континуирано, преку своите годишни програми во областа на спортот, ќе поддржува и финансира проекти, програми, активности на индивидуални спортисти и колективи како и спортски манифестации од значење и особен интерес за општината, на спортските субјекти на подрачјето на Општина Илинден.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината;

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ПРОЕКТ: СПОРТСКО РЕКРЕАТИВНИ - ОБРАЗОВНИ ЦЕНТРИ

**Опис:** На територијата на Општина Илинден ќе се изградат и прошират спортско рекреативни терени со повеќе содржини и опрема се со цел да се подигне свеста за спортување и рекреација.

Се предвидува:

- Изградба на терен на вештачка трева;
- Атлетска патека со гумирана (татран) подлога лоцирана околу нерените;
- Уредување на просторот околу спортска сала „Гоце Делчев“ – шеталиште со партерно уредување;
- Изградба на детски парк со реквизити;
- Изградба на “parkour” арена;
- Реконструкција на игралишта за голем и мал фудбал (изградба на соблекувални, кабини, пристапни патеки, хортикултурно уредување).

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА СТАДИОН СО ТРИБИНИ ВО ИЛИНДЕН

**Опис:** Проектот опфаќа поставување на систем за дренажа, реконструкција на тревната површина, изградба на нова ограда, изградба на трибини во цетралниот дел со модерни соблекувални, административни и помошни простории.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2023 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ДЕТСКИ ПАРК СО РЕКВИЗИТИ - ИНКЛУЗИВНИ ИГРАЛИШТА ЗА ДЕЦА

**Опис:** Општина Илинден поради подобрување на условите на децата, ќе изгради детски паркови во сите населени места. Воедно ќе има и инклузивни игралишта за деца со пречки во развојот со цел  вклучување во секојдневното живеење. Ќе се набават реквизити за игралишта, каде што децата ќе можат да вежбат и да играат и истовремено ќе бидат пристапни за сите деца.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината;

**Рок на реализација:** 2022 – 2023 година.

## ПРОЕКТ: МЕМОРИЈАЛНИ И ТРАДИЦИОНАЛНИ ТУРНИРИ

**Опис:** Покровителство и финансиски поттик за организација на традиционални турнири во мал фудбал, кошарка и други спортови низ населените места во Општина Илинден.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината;

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ПРОЕКТ: ЛИТЕРАТУРНА МАНИФЕСТАЦИЈА ИЛИНДЕН

**Опис:** Опфаќа промоција на нови книжевни дела, литературно матине за деца и централна манифестација поетски митинг.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ПРОЕКТ: НЕДЕЛА НА КУЛТУРАТА

**Опис:** Во својата програма ќе содржи:

- Отворање на ликовна изложба;
- Промоција на нови имиња од општината од областа на литературата, музиката и уметноста;
- Концерт на музички хор и оркестар, соло инструментални настапи,
- Концерт на фолклорни друштва;
- Одржување на театарски претстави, детски претстави и друг вид драмски уметности.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ПРОЕКТ: ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА ОПШТИНАТА

**Опис:** Во својата програма ќе содржи

- Концерт на детски музички ѕвезди;
- Музички концерт ;
- Спортски настани- изборно во тек на неколку дена.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** Континуирано.



### ПРОЕКТ: НАЦИОНАЛНА ИЛИ МЕЃУНАРОДНА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА

**Опис:** Ликовна колонија во времетраење од 4 дена со можност учесниците да творат низ природните убавини на Општина Илинден.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2024 година.

### ПРОЕКТ: МЛАДИ УМЕТНИЦИ

**Опис:** Обезбедување на поддршка и стимулуција на млади уметници од општината во повеќе области.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** Континуирано.

# 11. СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Социјалната заштита претставува основен императив на политиките на секоја општина, со цел создавање на услови за инклузивно и кохезивно општество преку унапредување на положбата на ранливите групи во локалниот контекс на заедницата. Континуитетот во насока на подобрување и унапредување на здраствената заштита на граѓаните претставува наша основна цел.

### ПРОЕКТ: ПРИСТАПНИ РАМПИ – ПРАВО НА СЕКОЕ ЛИЦЕ СО ИНВАЛИДНОСТ

**Опис:** Лицата со инвалидност имаат основно загарантирано право на физички пристап до јавните институции на локално ниво, детските градинки, училиштата, здравствените установи и другите институции, кои им се неопходни за елиминирање на социјалните бариери и целосен независен и интегриран живот во заедницата.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, централен буџет, донации/странска помош;

**Рок на реализација:** 2022 – 2023 година.

## ПРОЕКТ: БЕСПЛАТЕН ПРЕВОЗ ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ КАКО РАМНОПРАВНИ ГРАЃАНИ ВО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

**Опис:** Бесплатниот превоз е само чекор напред во остварувањето на политиката на ВМРО-ДПМНЕ, во осамостојувањето на лицата со спреченост за беспрекорно функционирање во социјалната средина. Со користење на јавниот превоз се зголемува мобилноста на лицата со инвалидност како рамноправни граѓани, а придобивка има општеството во целина. Бесплатниот превоз подразбира активирање на лицата со спреченост и искористување на нивниот потенцијал.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, централен буџет, донации/странска помош;

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ПРОЕКТ: ПОМОШ ЗА МЛАДИ БРАЧНИ ПАРОВИ

Опис:Со цел стимулирање на наталитетот ќе обезбедиме еднократна парична помош за секое новороденче во Општина Илинден, со новите додатоци за новороденчиња кои ги примаат младите родители, општината би успеала да го разбие негативниот природен прираст.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, централен буџет, донации/странска помош;

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ПРОЕКТ: ОТВАРАЊЕ НА ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Опис : Овој центар ќе биде одлична поддршка за родителите на лицата со интелектуална попреченост и одлична форма на вонинституционална заштита и згрижување на овие лица. Нивниот ден ќе биде исполнет со значајни содржини и програма која што ќе им помага во текот на секој ден да ги унапредуваат своите вештини и подобро да се снаоѓаат во секојдневието.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** 2022 – 2023 година.

## ПРОЕКТ: ВКЛУЧУВАЊЕ НА ДЕЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

**Опис:** Општината ќе обезбеди посебни тимови за поддршка на децата со посебни потреби и ќе овозможи олеснет физички пристап до сите детски градинки.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, централен буџет, донации/странска помош;

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ПРОЕКТ: СОЦИЈАЛЕН СЕРВИС ЗА НЕГА НА СТАРИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА

**Опис:** Општината ќе се залага  старите и изнемоштени лица да ги добијат сите услови за пристоен и квалитетен живот, преку поддршка за основање на социјално претприемништво (социјални претпријатија) за заштита на оваа група граѓани како и отварање на нови домови за стари лица.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, централен буџет, донации/странска помош;

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ПРОЕКТ: ПОДРШКА НА ПЕНЗИОНЕРСКИ ЗДРУЖЕНИЈА И КЛУБОВИ

**Опис:** Стимулација на овие здруженија и клубови преку обезбедување на соодветни услови за нивно дружење и рекреација;

**Извор на финансирање:** Буџет на општината и други извори;

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ПРОЕКТ: ЗДРАВСТВЕН ДОМ “ИЛИНДЕН”

Опис:Изградба и реконструкција на Здравствен дом,  кој ќе содржи примарна здраствена заштита и можност за:стоматолог, офталмолог, интернист,гинеколог,педијатар, лабораторија, аптека и дежурна служба, со цел лесно добивање на здравствени услуги за жителите на Општина Илинден.

- Амбулантно возило БРЗА ПОМОШ – за брзо и навремено давање итна помош на жителите во Илинден;
- Школска Амбуланта – која ке врши систематски преглед на учениците од основно и средно образование на територија на Општина Илинден;
- Бесплатен (стоматолошки и офтамолошки ) преглед при упис на првачиња.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина, централен буџет, донации/странска помош;

**Рок на реализација:** 2022 – 2023 година.

# 12. ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

## ПРОЕКТ:„ ПРОТИВПОЖАРНА СТАНИЦА “

**Опис:** Во соработка со Градот Скопје и останатите институции ќе се отвори противпожарна станица ,со едно противпожарно одделение и комплет опрема за заштита и гаснење на пожари на подрачјето на општината и пошироко.Во негова надлежност ќе влегува: отстранување на непосредната опасност за настанување на пожар, спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозен од пожари и експлозии, укажување техничка помош при незгоди и опасни ситуации, давање противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации. Во координација со Министерството за внатрешни работи ќе се спроведува едукација на граѓаните за заштита од пожари, преку организација на предавања, преку медиуми и организирање на други активности.

## ПРОЕКТ: УЧЕСТВО НА МЛАДИТЕ И НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

**Опис:** Оваа стратешка област ќе даде осврт на младинското учество во училиштата, подобрување на условите на училиштето преку понуда на програми од неформалното образование. Во фокус ќе бидат основните и средното училиште и воннаставните програми, кои се нудат или имаат можност да се креираат. Средното училиште е посебно истакнато поради потребата да се работи со младите, пред тие да го продолжат своето образование на  факултет со цел да развијат позитивни ставови поврзани со учеството и неформалното учење.

## ПРОЕКТ: ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

**Опис:** Функционален Локален младински совет, како младинско претставничко тело изградено преку отворен, инклузивен и транспарентен процес. Притоа се очекува Локалниот младински совет да биде партнер на општината за сите прашања кои ги засегаат младите со капацитет да воспостави и води инклузивен и конструктивен дијалог. Локалниот младински совет во тој процес треба да се здобие со советодавна улога препознаена од општината и општинските институции.

## ПРОЕКТ: МЛАДИНСКА КАНЦЕЛАРИЈА

**Опис:** Главната цел е подобрување на квалитетот на животот на младите преку програмски и логистички интервенции од страна на општината и граѓанскиот сектор.

Овие интервенции ќе бидат во насока на поддршка на волонтерството, заштита на животна средина, проактивна вклученост на младите во културните случувања и процеси и изнаоѓање на форми за што поголема на вклученост на младите во спортот, олеснување на преминот на младите од образование кон пазар на труд и мотивирање за нивно стручно надоградување. Предвидува отварање на младински центар, кој ќе биде на располагање на граѓанските организации и младите за да креираат програми и активности во насока на вклучување и информирање на младите луѓе.

## ПРОЕКТ: НАТПРЕВАР ЗА НАЈДОБРА ИДЕЈА ЗА БИЗНИС „МЛАДИ ПРЕТПРИЕМАЧИ"

**Опис:** Организирање на натпревар и избирање на најдобра бизнис идеја на територија на Општина илинден со учество на младите со подршка од Бизнис заедницата на Општина Илинден.

## ПРОЕКТ: ПОДРШКА НА НВО

**Опис:** Поддршка и соработка со невладиниот сектор и нивно вклучување во општествените процеси во општината како и искористување на нивните капацитети во насока на спроведување разни проекти кои ќе значат подобар живот во нашата општина.

## ПРОЕКТ: РЕАФИРМАЦИЈА НА МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

**Опис:** Месните заедници ќе го добијат заслуженото место и ќе имаат можност да станат партнер на локалната самоуправа во индентификувањето на соодветните барања, проблеми но и идеи од страна на граѓаните

*vmro-dpmne.org.mk*

*sozdadinovaidnina.mk*